# АКЦИСКИ ПЛАН

## Мрежа за поддршка на младинско претприемништво

- ноември 2016 -

# Вовед

Стимулирањето на бројот на новоформирани бизниси и зголемувањето на стапката на нивен опстанок се едни од приоритетите на кои се посветува сѐ поголемо внимание. Македонија има потреба од повеќе претприемачи и сѐ поголем број на мерки се фокусираат кон охрабрување на младите луѓе да започнат сопствен бизнис.

Постојат низа фактори што ги обесхрабруваат младите луѓе да основаат сопствен бизнис. Административните барања се честа бариера што ги демотивира потенцијалните претприемачи, додека пак обезбедувањето на финансии е еден од главните фактори за непреземање ризик. Дополнително, сѐ уште постојат предрасуди од страна на општеството поврзани со потенцијалниот неуспех на бизнисот. Поради тоа постои потреба за вложување на дополнителни напори насочени кон развивање на претприемачката култура започнувајќи дури од основното образование, како и за унапредување на поддршката што им се дава на младите претприемачи, пред и по основањето на сопствен бизнис.

Во таа насока, Мрежата за поддршка на младинско претприемништво во март 2015 година го подготви својот прв повеќегодишен Акциски план со кој ќе даде сопствен придонес кон развивањето на претприемачкото општество во Република Македонија.

Во текот на првата година од имплементацијата на Акцискиот план се утврди дека претприемачите од различно етничко потекло во одредена мера имаат различен пристап кон претприемништвото и имаат потреба од различен вид на поддршка за раст и развој. Овие сознанија укажуваа на потребата од воведување специфични програми што ќе допринесат кон ублажувањето на ограничувачките фактори за развој на претприемништвото. Истовремено, значајно е да се препознаат и разликите што постојат кај претприемачите што потекнуваат од различни немнозински етнички заедници, а во некои случаи и генерациският јаз во рамки на една иста етничка група влијае врз посебноста на овие бизниси споредено со останатите мали фирми. Оваа разновидност се рефлектира врз самите мали бизниси основани од страна на припадниците на различните етнички групи, како и врз стратегиите што тие ги користат за управување на истите.

Токму заради фактот дека постојат извесни разлики во претприемачката активност на припадниците на различните етничките групи во Македонија, Мрежата за поддршка на младинско претприемништво го ажурираше Акцискиот план преку воведување на нова, четврта приоритетна област: „Стимулирање и поддршка на претприемништвото кај младите од немнозинските етнички групи“. Со предвидените мерки за активна промоција на претприемништвото кај оваа целна група, Мрежата се стреми да придонесе кон намалувањето на социјалната маргинализираност и зголемувањето на животниот стандард кај младите и од немнозинските етнички групи во Македонија.

Мрежата за поддршка на младинско претприемништво е иницијатива што започна со поддршка од Европската Комисија преку програмата ИПА - Инструмент за граѓанско општество (CSF) 2012-2013, а која има за цел да ги зајакне капацитетите на граѓанските организации кои работат на социо-

економското јакнење на младите, заради зголемување на нивното влијание врз политиките и програмите за поттикнување на претприемништвото за млади.

Акциски план на Мрежата, ажуриран во ноември 2016 година, предвидува мерки во четири приоритетни области:

1) Претприемничкото учење и обуки за поддршка на растот и создавањето на бизниси

2) Создавање продуктивна претприемничка средина за раст и развој

3) Успешни претприемачи и таргетирање на маргинализирани групи

4) Стимулирање и поддршка на претприемништвото кај младите од немнозински етнички групи

Целите и мерките опфатени со Акцискиот план се дефинирани во согласност со мислењата и насоките добиени од страна на релевантни стеикхолдери од земјата (претставници од невладини организации, образовни и академски институции, креатори на политики и претставници од релевантни владини институции), како и врз основа на испитување на потребите на младите потенцијални и постоечки претприемачи од различно етничко и географско потекло.

Дел од мерките на Акцискиот план на Мрежата се реализираат од страна на основачите на Мрежата, а одреден дел се имплементираат преку воспоставување партнерства со локални граѓански организации.

# Содржина

**I.** Мотиви и причина за изработка на Акцискиот план ........ 5

**II.** Потреби и ограничувања на младите претприемачи ........ 6

**III.** Препораки од релевантни стеикхолдери ........ 10

**IV.** Акциски план на Мрежата за поддршка на млади претприемачи ........ 13

**A.** Приоритетни области и главни цели ........ 13

**B.** Видови на активности ........ 21

**C.** Имплементација на акцискиот план ........ 24

# I. Мотиви и причина за изработка на Акцискиот план

Основната причина за изработка на Акциски план на Мрежата за поддршка на младинското претприемништво произлегува од потребата за мерки и активности што ќе бидат во линија со моменталните потреби и ограничувања со кои се соочуваат младите претприемачи во Република Македонија.

Со дефинирање на релевантни и конкретни мерки, базирани на реалните потреби на претприемачите, како и со поголема координација на граѓанските организации на национално и локално ниво, Мрежата ќе придонесе кон унапредување на условите за раст и развој на малите бизниси во сите региони на земјата. Имено, предвидените мерки за периодот од 2017 до 2019 година ќе овозможат подобрување на состојбата во претприемништвото за млади на локално ниво, стимулирање на претприемачкото учење и градење на капацитети и вештини преку обуки, како и унапредување на соработката со локалниот бизнис сектор.

Мерките во Акцискиот план, исто така, се во линија со „Акцискиот План на Европската Унија (ЕУ) – Претприемништво 2020“, план кој промовира добри пракси и кој ги содржи приоритетите на ЕУ членките во областа на развојот на претприемништвото. Дел од овие добри пракси и приоритети, применливи за Република Македонија, се опфатени и во Акцискиот план на Мрежата. На тој начин, Акцискиот план на Мрежата придонесува кон приближување на добрите практики и политики на ЕУ членките како и кон постигнување на поголема усогласеност на локалните акции со европските иницијативи во областа на претприемништвото.

Во исто време, при остварување на целите на Акцискиот план ќе се имаат предвид можностите за зајакнување на координиран пристап помеѓу различни организации и институции на локално ниво за поддршка на младите претприемачи, како и промовирање на поголема флексибилност при обезбедување на поддршка за различни општествени групи.

Акцискиот план е подготвен во рамките на пошироко партнерство со млади претприемачи, граѓански организации, образовни институции, организации за поддршка на мали бизниси и министерства надлежни за спроведување на политики за самовработување, поддршка на претприемништвото, иновациите и др.

# II. Потреби и ограничувања на младите претприемачи

Појдовна точка при подготовката на Акцискиот план беше утврдувањето на моменталните потреби и ограничувања со кои се соочуваат младите претприемачи во Република Македонија. За таа цел, во 2014 година Мрежата спроведе истражување во кое беа опфатени повеќе од 90 млади претприемачи од сите осум региони на државата. За изведување на истражувањето се користеа методите на канцелариско истражување, метод на фокус група и метод на продлабочено интервју со помош на прашалник за утврдување на потребите на младите претприемачи. Во продолжение се прикажани резултати добиени од истражувањето на потребите на претприемачите.

**Главни предности за развој на претприемништвото за млади**

- Бесплатна и брза постапка за отворање нов бизнис
- Зголемена владина посветеност кон промоција на претприемништвото
- Зголемена институционална поддршка за развој на претприемништвото
- Зголемена општа перцепција за придобивки од самовработување и претприемништво

**Главни ограничувачки фактори за развојот на претприемништвото за млади**

- Голем јаз помеѓу образовниот и деловниот сектор
- Пристап до финансии
- Строги и високи казни
- Честа промена на легислативата

**Најчести предизвици со кои се соочуваат младите претприемачи**

- Страв од преземање ризик
- Недостаток на финансии
- Потешкотии со правната регулатива
- Непознавање на правата од интелектуална сопственост

Утврдувањето на ограничувачките фактори со кои се соочуваат младите претприемачи резултираше со дефинирање на мерки преку кои ќе се стимулира претприемачката култура, ќе се поттикне растот и развојот на малите бизниси и ќе се придонесе кон рамномерна регионална распространетост на инструментите за поддршка на младите претприемачи.

**Главни препораки за подобрување на ситуацијата со претприемништвото за млади**

- Поттикнување на партнерство и меѓусекторска соработка помеѓу државните органи, граѓанското општество, образовните и истражувачките центри и бизнис заедницата;

- Поддршка на иницијативи за воспоставување на технолошки паркови, акцелератори, мрежи на бизнис ангели;
- Бесплатни обуки за младите потенцијални претприемачи во области како што се подготовка на бизнис план, извори на финансирање и управување со финансии, и права од интелектуална сопственост;
- Креирање на претприемачки инфо центар - централизирани информации за процесот на основање и водење на фирма, правни совети и други советодавни услуги, можности за финансирање, обуки и сл.;
- Поддршка и организација на натпревари за најдобар бизнис план;
- Зголемени активности во насока на поддршка на претприемништвото за млади во градовите низ цела Македонија и руралните области;
- Зголемени активности за поддршка на млади претприемачи од женски пол;
- Организација на програми за менторство на млади претприемачи.

Со цел утврдување на потребите на младите од немнозинските етнички заедници, во 2016 година Мрежата ја спроведе првата сеопфатна мултиетничка истражувачка студија за младинско претприемништво во Република Македонија. При тоа, фокусот беше на четири истражувачки аспекти: 1) специфични потреби за бизнис поддршка, 2) степен на вмрежување и соработка со претприемачи од други етнички заедници, 3) мотивација и пристап кон претприемништвото и 4) капацитети за застапување. За потребите на истражувањето беа опфатени 115 млади претприемачи од различно етничко потекло во соодност што реално ја прикажува етничката структура на младата популација во земјата. При тоа употребен е комбиниран методолошки пристап, односно истражувањето вклучи анализа и на квантитативно и на квалитативно ниво.

Во делот на бизнис-поддршка, истражувањето ги даде следните насоки:

- Младите претприемачи имаат потреба од понатамошно градење на претприемничките и лидерските компетенции, како и од поддршка за развој на нивната способност да иновираат;
- Утврдена е и потреба за понатамошна бизнис-поддршка во делот на добивање на нови и продлабочени знаења за пазарот на кој делува самото претпријатие;
- Младите претприемачи имаат изразена потреба од:
    - поголем пристап до финансиски капитал
    - поповолна даночна политика што ќе ги таргетира младите претприемачи
    - поповолни владини прописи и помалку административни оптоварувања
    - поразвиена инфраструктура за бизнис-поддршка (државни агенции и фондови за развој на претприемништво и иновации)
    - бизнис-центри што обезбедуваат информации, совети, обука, менторство, пристап до работен простор и др.)

- развивање на деловна култура на поддршка

- Младите претприемачи имаат потреба од организирано застапување на нивните интереси. Исто така, сметаат дека треба да партиципираат и можат да придонесат во креирањето на јавни политики преку нудење на оригинални идеи и решенија по различни прашања што ги засегаат нив.

Од мултиетнички аспект, истражувањето ги обезбеди следните сознанија:

- Недостигот од претприемачки, менаџерски и маркетинг-вештини е значајно поизразен кај претставниците на помалите етнички заедници (Турци, Срби, Роми, Власи и др.);
- Повозрасните претприемачи имаат поголемо искуство и познавања на пазарните пригоди во споредба со помладите претприемачи од различно етничко потекло;
- Младите претприемачи имаат искуство во соработка со претприемачи од етничка заедница различна од нивната и тоа искуство го оценуваат како позитивно;
- Постои изедначеност на меѓусебната доверба за бизнис-партнерство и краткорочна парична позајмица кај младите претприемачи независно дали се работи за припадници на иста или различна етничка заедница;
- Претприемачите имаат честа размена на бизнис-информации, знаења, идеи и новини, и со претприемачи од истата етничка заедница и со претприемачи од различна етничка заедница;

Истражувањето ги даде следните препораки:

- Политиките на развој на младинското претприемништво во Македонија посебен акцент треба да стават на унапредувањето на знаењата, вештините и способностите за водење на претприемачки бизниси кај припадниците од помалите етнички заедници, како и да обезбедат порамномерен пристап до сите потребни ресурси за стартување на сопствен бизнис;
- Неопходно е да се работи на проширување на деловните вештини и искуство на младите претприемачи за финансирање на нивните бизниси и тоа преку: советувања и работилници за начините на пристап до финансиски средства; приспособување на регулативата за старт-ап финансирање, намалување на административните процедури и сл.;
- Приоритетно е да се развива бизнис вмрежувањето (остварување контакти, партнерство, форуми и мрежи за размена на искуства и знаење); организирање обуки за специфични потреби; развивање на менторски капацитети и менторски програми за младите претприемачи;
- Со оглед на детектираните разлики за потребата од групно застапување, а по однос на етникумот, се препорачува во процесите на формирање организација за застапување и во процесите на градење компетенции, покрај македонската етничка заедница, посебен акцент да се стави на обезбедување на активна инволвираност, од една страна на помалите етнички заедници (Турци, Срби, Роми, Власи и др.), кои даваат најсилна поддршка за организираниот начин на застапување и, од друга страна на албанската етничка заедница, која покажува позитивни, но пониски вредности на скалата за потреба од застапување;

- Потребни се активности што ќе овозможат зголемување на нивото на доверба заради зголемување на степенот на соработка и вмрежување. Здружувањата можат да бидат во повеќе насоки:
    - Здружување за знаење. Семинари или каков било вид на неформално учење за размена на корисни идеи, учење и (know-how) особено за намалување на трошоците, за маркетинг-активности се издвоени како многу потребни и корисни
    - Здружување за промовирање и ширење. Заеднички настап на саеми, а особено на саеми во странство и друг тип на вакви манифестации (натпревари), каде што се промовира бизнисот е особено значајна активност што може да ја подобри меѓусебната комуникација и запознавањето.
    - Здружување заради намалување трошоци. Заеднички настап пред снабдувачи и дистрибутери. Купување или вложување во заеднички машини или инфраструктурни објекти или ангажирање консултанти и одредени услуги (на пример, сметководствени).
    - Филантропско здружување. Поради поширок заеднички интерес, како припадници на одредена професија, култура, афинитет, локална самоуправа или улоги кои ги имаат во општеството и во семејството (на пример, здружение на млади татковци-претприемачи со мали деца).
- Потребно е зајакнување на одредени ентитети за да бидат во функција на поддршка на младите претприемачи, како што се:
    - Здруженија што се однесуваат на одреден бизнис-сектор;
    - Здруженија што нудат помош за мали бизниси;
    - Стопанска комора;
    - Владини институции за поддршка на мал бизнис;
    - Локална самоуправа;
    - Финансиски институции.

Од своето основање Мрежата работеше и на јакнење на капацитетите на граѓанските организации и локалните власти со цел унапредување на меѓусебната соработка и подигање на квалитетот на мерките за поддршка на претприемништвото за млади на локално ниво. Паралелно, Мрежата се фокусираше и на утврдување на потребите на граѓанските организации кои се еден од инструментите на спроведување на Акцискиот план. Поконкретно, граѓанските организации истакнаа дека финансирањето на нивните тековни активности и проекти, соработката со владините институции и соработката со домашни и странски граѓански организации се областите каде тие се соочуваат со потешкотии. Акцискиот план е изработен на начин што им дава можност на граѓанските организации да ги подобрат своите позиции во наведените области, а истото ќе биде овозможено преку нивно директно вклучување во работата на Мрежата како корисници на мали грантови за реализација на активности што ќе бидат во согласност со приоритетите и мерките на Акцискиот план.

# III. Препораки од релевантни стеикхолдери

Приоритетните области на Акцискиот план се дефинирани преку партиципативен процес и учество на бројни релевантни стеикхолдери (млади претприемачи, владини институции инволвирани во областа на претприемништвото, граѓански организации и образовни институции). Во таа насока, Мрежата во 2014 година организираше три работилници на кои се дискутираше на релевантни теми, дефинирани во согласност со утврдените потреби на младите претприемачи и граѓанските организации. Трите работилници беа организирани со цел добивање потребна насока при дефинирање на мерките кои ги опфаќаат првите три приоритетни области од Акцискиот план објавен во март 2015 година.

За време на првиот состанок на тема „Претприемничко учење и тренинг" беа предложени серија мерки и активности, од кои дел беа дефинирани според мислењето и потребите на претприемачите и дел беа предложени според добрите пракси кои се спроведуваат во земјите на Европската Унија согласно Акцискиот план Претприемништво 2020. Врз основа на своето искуство во областа, стеикхолдерите ги идентификуваа следните состојби како главни бариери за развој на претприемничкото учење во Македонија:

1. Мотивацијата на наставниот кадар за вклучување во процесот на претприемничко учење
2. Недостаток на финансии и човечки ресурси за реализација на сериозни претприемачки истражувачки проекти
3. Традиционалниот систем на вреднување на знаењето што не е целосно адаптиран за претприемништвото како област на учење
4. Недостаток од национална платформа за споделување и промовирање на добри практики
5. Потреба за прилагодување на наставната програма согласно специфичните локални потреби во секој регион од Македонија

Како резултат, беа донесени следните препораки и насоки за подобрување на состојбата со претприемничкото учење на сите нивоа на образование:

1. Зајакнување на капацитетите на наставниците во областа на претприемништвото;
2. Воведување на иновативни алатки и методологии за претприемништво;
3. Подобрување на соработката со бизнис секторот на локално ниво;
4. Подобрување на претприемачките вештини кај учениците и студентите преку практична работа;
5. Развивање на регионални и локални стратегии за претприемничко учење со посебен буџет за имплементација;
6. Развој на методологии за оценување на квалитетот од учењето.

Вториот состанок со стеикхолдерите на тема „Промовирање на стимулирачка средина за раст и развој на претприемништвото" даде увид во моменталната состојба со претприемништвото во Македонија, најчестите препреки со кои се соочуваат младите претприемачи, мерки за поддршка

кои недостасуваат на национално, регионално и локално ниво како и бариерите кои постојат од правната регулатива. Како главни ограничувачки фактори за развојот на малите бизниси беа дискутирани пристапот до финансирање, сложените административни процедури за водење на бизнисот, честото менување на легислативата, пристапот до странските пазари и ригорозните казни за недоволната примена на правните мерки. Како резултат беа донесени следниве препораки за подобрување на условите за раст и развој на малите бизниси:

1. Промовирање на алтернативни извори на финансирање;
2. Олеснување на регулаторните ограничувања кон малите и средни претпријатија;
3. Креирање на програми за поддршка на растот на малите и средни претпријатија;
4. Зајакнување на соработка помеѓу институциите за поддршка на малите и средни претпријатија (инкубатори, комори, кластери итн.);
5. Поддршка на иновативни технолошки компании при освојувањето на странски пазари.

За време на третиот состанок на тема „Успешни претприемачи и таргетирање маргинализирани групи“ беа дискутирани главните фактори што ја дестимулираат претприемничката култура кај одредени општествени групи како што се жените, младите, невработените и возрасните лица. Освен општествените, социјалните и традиционалните бариери, за време на состанокот беше утврдено дека во моментов недостасуваат конкретни мерки за поддршка на новооснованите бизниси од страна на овие општествени групи. Заклучокот од состанокот ги даде следните препораки за дефинирање на мерките и активностите од третиот приоритет на Акцискиот план:

1. Поголема вклученост на бизнис секторот во обезбедувањето поддршка на претприемачите;
2. Воведување стимулативни мерки за поддршка на специфичните групи.

Во периодот септември-октомври 2016 година беа организирани три младински мултиетнички претприемачки кампови со претставници од три целни групи: млади претприемачи од различно етничко потекло, граѓански организации кои работат на полето на младинското претприемништво и експерти од сектори за локален економски развој и меѓуетнички односи од единиците на локална самоуправа. Камповите беа искористени како платформа за собирање на потребен инпут за дефинирање на мерките во рамки на новата приоритетна област, стимулирање на претприемништвото кај младите од немнозинските етнички заедници.

Во исто време беше спроведена и анализа на услугите кои организациите за поддршка на почетни бизниси ги нудат, а вклучуваат организирање обуки, давање совети, менторирање и иницијативи за вмрежување на претприемачи (настани, саеми, конференции). Анализата покажа дека многу мал процент од организациите за бизнис поддршка имаат програма или специфични услуги дизајнирани за претприемачи од одредена етничка заедница. Важно е да се потенцира и дека голем дел од организациите не поседуваат внатрешни политики и мерки кои таргетираат претприемачи од немнозински етнички заедници. Генералната оценка е дека претприемачите од немнозински етнички заедници не претставуваат посебна целна група во рамки на организациите и не опфаќаат посебен приоритет при дефинирање на услугите кои тие ги нудат.

За потребата од дефинирање мерки за поддршка на млади претприемачи од етнички малцинства, организациите за поддршка на млади претприемачи согласно нивните сознанија дадоа увид во проблемите со кои се соочуваат младите претприемачи од немнозински етнички заедници. Во оваа насока постои перцепција дека предизвиците со кои се соочуваат младите претприемачи од немнозинските етнички заедници се значајно поизразени во споредба со целокупната група претприемачи, а кои вклучуваат: почетен капитал за започнување бизнис, обезбедување финансиски средства за раст, административни и регулаторни бариери, дискриминација од страна на финансиски институции, пристап до бизнис поддршка и јазична бариера.

Понатаму, граѓанските организации и претставниците на единиците на локална самоуправа со заеднички сили идентификуваа приоритети за дефинирање на политики кои би генерирале поголеми придобивки за младите претприемачи од немнозинските етнички заедници:

### Финансиска поддршка

- Грантови за старт-ап бизниси
- Кредити за започнување бизнис со ниски каматни стапки
- Кредитен фонд наменет посебно за претприемачи од етнички малцинства
- Пристап до кредити со гарантна шема
- Инвестициски грантови
- Даночни олеснувања за претприемачи од етнички малцинства

### Бизнис поддршка и тренинг

- Бизнис сервиси посебно прилагодени за претприемачи од етнички малцинства
- Обуки за изучување на официјалниот јазик на државата
- Обуки за употреба на нови технологии

### Вмрежување

- Мрежа на претприемачи од етнички малцинства
- Мрежа на ментори

# IV. Акциски план на Мрежата за поддршка на младинско претприемништво

## A. Приоритетни области и главни цели

Акцискиот план опфаќа четири приоритетни области во рамките на кои се дефинирани активности преку кои се реализираат главните цели за исполнување на планот.

Приоритетните области и главните мерки на акциониот план се следниве:

### 1) Претприемничко учење и тренинг

Цел 1 – Развој на стимулирачка средина за претприемничко учење

| Предложена мерка | Оправданост | Целна група | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| 1.1 Давање препораки за развој на методологии за мерење на ефикасноста на претприемничкото учење за сите нивоа на образованието | Алатките за мерење на перформансите се основен инструмент за подобрување на ефектите од учењето. Целта е идентификување на области за подобрување, воведување на нови педагошки концепти, оценување на степенот на ефикасност и ревидирање на постојните образовни програми. | Наставен кадар од областа на претприемништвото, директори на училишта, декани на факултети, владини институции | Јануари 2016 – Декември 2017 |
| 1.2 Утврдување на перцепциите и степенот на познавање на наставниците од областа на претприемништвото | Степенот на познавање на иновативни претприемачки алатки, методи и програми како и реалната соработка со локалните бизниси треба да бидат идентификувани и анализирани со цел преземање конкретни активности за подобрување на капацитетите на наставниците. | Наставен кадар од областа на претприемништвото | Април 2015 - Септември 2017 |
| 1.3 Лансирање национална платформа за промовирање на добри практики и методи помеѓу образовните институции за претприемачко учење | Целта на националната онлајн платформа ќе биде олеснет пристап на наставниците до информации, методи и материјали како и размена на совети од искусни колеги. | Наставен кадар од областа на претприемништвото, директори на училишта, декани на факултети | Септември 2015 - Декември 2017 |
| 1.4 Давање препораки за развој на | Поради големата диверзифицираност на | Образовни и академски | Април 2015 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| образовните програми во согласност со потребите на локалниот бизнис сектор | природата и степенот на развој на бизнис заедницата, локалните стратегии за претприемничко учење треба да бидат изработени за сите региони во линија со утврдените потреби на локалните бизниси и во согласност со приоритетите на Националната стратегија за претприемничко учење. | институции, бизнис сектор, локална самоуправа | - Септември 2017 |

Цел 2 – Подобрување на квалитетот на претприемничкото учење во основното, средното и високото образование

| Предложена мерка | Оправданост | Целна група | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| 2.1 Зајакнување на специфични претприемачки вештини кај учениците и студентите преку неформално и неофицијално учење | Јакнењето на претприемничките вештини и капацитети на учениците и студентите преку нивно вклучување во иновациски кампови, работилници, компаниски програми, дебати, тркалезни маси, Junior Achievement програмата и сл., со цел изнаоѓање иновативни решенија за реални проблеми. | Наставници, ученици и студенти | Април 2015 - Декември 2017 |
| 2.2 Промовирање на механизми за поддршка на учениците и студентите од страна на успешни претприемачи, промоција на менторство и успешни бизнис приказни | Вклучувањето на локалните успешни бизниси во претриемничкото учење ќе има за цел насочување на наставните програми, обезбедување реални искуства за учениците и студентите и рано откривање на иновативни идеи и решенија. | Наставници, бизнис сектор, ученици и студенти | Април 2015 - Декември 2017 |
| 2.3 Промовирање на концептот на отворање на регионални центри за претприемничко учење за наставен персонал од основно до високо образование | Регионални центри финансирани од локалната самоуправа и од самите образовни институции со мисија да развиваат методи, идеи и материјали за претприемничко учење преку организирање на настани, работилници и проекти за јакнење на капацитетите на наставниците. | Наставници, директори на училишта, владини институции, локална самоуправа | Септември 2016 - Декември 2017 |

## 2) Промовирање стимулирачка средина за раст и развој на претприемништвото

Цел 3 – Подобрување на пристапот до финансии на малите и средните претпријатија

| Предложена мерка | Оправданост | Целна група | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| 3.1 Давање препораки за подобрување на правната рамка за алтернативни извори на финансирање | Недоволно развиените можности за финансирање на малите бизниси се делумно резултат на ограничувања во правна смисла што неминовно треба да се подобрат преку наоѓање начини за олеснување на финансирањето преку различни инструменти. | Претприемачи, владини претставници, креатори на политики | Април 2015 - Декември 2017 |
| 3.2 Подигнување на свеста и познавањето на претприемачите за можностите за финансирање кои се нудат во Македонија и во регионот | Подобрување на познавањето на претприемачите за можностите за финансирање во Македонија и во регионот преку организирање на работилници, обуки, изработка на брошури, информативни флаери и сл. | Претприемачи | Април 2015 - Септември 2017 |
| 3.3 Подобра информираност на претприемачите за вклучување во ЕУ програми за финансирање на иновации, истражување и развој | Јакнење на капацитетите на МСП за аплицирање на ЕУ програми како Horizon2020, COSME и др., ќе допринесе за прилагодување и прифаќање на ЕУ правила и регулативи од страна на МСП и ќе ја забрза можноста за пенетрација на нови пазари. | Претприемачи, институции за поддршка на МСП (комори, инкубатори, асоцијации и сл.) | Октомври 2015 - Јуни 2017 |
| 3.4 Промовирање на концептот на „бизнис ангели“ и фондови за ризичен капитал | Промовирањето иновативни идеи со потенцијал за брз развој пред домашни и странски инвеститори ќе има за цел зголемување на иновативната дејност на претприемачите и подигање на интересот на инвеститорите за Македонија | Претприемачи | Април 2015 - Декември 2017 |

Цел 4 – Поддршка за новоформирани компании во критичните фази од животниот циклус

| Предложена мерка | Оправданост | Целна група | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| 4.1 Давање препораки за прилагодување на регулативата за поттикнување на растот на МСП преку даночни олеснувања, поедноставување на процесот на отворање и затворање на компанија, намалување на придонесите за самовработените и сл. | Целта на мерката е приближување на националната легислатива и практики со оние на ЕУ за намалување на стапката на неуспешни новоформирани компании. | Претприемачи, владини институции, креатори на политики | Април 2015<br>-<br>Декември 2017 |
| 4.2 Давање препораки за локални и регионални инструменти за континуирана поддршка на МСП | Утврдувањето на моменталните потреби на идните претприемачи, почетните бизниси и локалните стратегии за економски развој ќе даде насока за имплементирање на инструменти за поддршка на МСП на локално и регионално ниво. | Претприемачи, бизнис сектор, локална самоуправа, креатори на политики | Јануари 2016<br>-<br>Декември 2017 |

Цел 5 – Креирање на нови бизнис можности за иновативните технолошки компании

| Предложена мерка | Оправданост | Целна група | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| 5.1 Давање препораки за воведување алтернативни мерки за финансирање на иновативни технологии во рана фаза | Специфични мерки и инструменти како иновациски ваучери за поддршка на развојот на иновативните технологии ќе го забрзаат процесот на лансирање технолошки решенија на пазарот. | Претприемачи, стопански комори, регионални центри за развој, бизнис инкубатори | Јануари 2016<br>-<br>Декември 2017 |
| 5.2 Промовирање на пристапот до „отворените владини податоци“ (open data) како извор на иновативни решенија | Подоброто познавање на ресурсот на отворени податоци (open data) од една страна ќе овозможи креирање на нови иновативни идејни решенија за секојдневните општествени проблеми, а од друга страна ќе придонесе кон унапредување на транспарентноста на владините институции. | Претприемачи, владини институции | Јуни 2016<br>-<br>Декември 2017 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5.3 Промовирање на ЕУ програмите за финансирање на веб и дигиталните МСП | Јакнење на капацитетите на МСП за учество во ЕУ програми наменети за финансирање на веб и дигитални претпријатија преку организирање на информативни денови, работилници, обуки и сл. | Претприемачи | Април 2015<br>-<br>Декември 2017 |

Цел 6 – Унапредување на правната рамка и промовирање на втора шанса за банкротирани мали претпријатија

| Предложена мерка | Оправданост | Целна група | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| 6,1 Давање препораки за измени на легислативата за давање поголеми шанси на малите бизниси | Препораки за измени на правната и административната рамка преку олеснување на административните процеси, учеството на МСП во јавните набавки, воведување флексибилни работни договори и сл., со што ќе се ослободи работниот капацитет на претприемачите во насока на зголемена ефективност и продуктивност. | Владини институции, креатори на политики | Јануари 2016<br>-<br>Јуни 2017 |
| 6,2 Надминување на стигмата од неуспех преку давање препораки за унапредување на поддршката за претприемачите кои се соочуваат со банкрот | Овозможувањето на „втора шанса“ за претприемачите ќе ја доближи правната рамка со онаа на членките на ЕУ и ќе промовира позитивен став во општеството кон овозможувањето на нов почеток за претприемачите | Владини институции, креатори на политики | Јуни 2016<br>-<br>Декември 2017 |

## 3) Промовирање успешни претприемачи и таргетирање маргинализирани групи

Цел 7 – Промовирање на претприемништвото како посакувана кариера

| Предложена мерка | Оправданост | Целна група | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| 7.1 Формирање менторски мрежи од успешни претприемачи на локално и регионално ниво за поддршка на идни претприемачи | Стекнување на специфични вештини за водење бизнис преку организирање на бизнис средби со успешни претприемачи, организирање менторски часови, | Сегашни, потенцијални и успешни претприемачи | Април 2015<br>-<br>Март 2017 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | развивање онлајн менторски платформи и др., ќе допринесе кон промовирање на вредноста на претприемништвото за општеството. | | |

Цел 8 – Промовирање претприемничка култура за специфични групи од општеството

| Предложена мерка | Оправданост | Целна група | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| 8.1 Давање препораки за олеснување на правните бариери и предлагање стимулативни мерки за МСП основани од жени, возрасни, невработени и млади | Промовирање на претприемништвото кај специфични општествени групи ќе допринесе кон позитивен став и зголемен број на новоформирани бизниси. | Жени, возрасни, невработени, млади, владини институции, креатори на политики, успешни претприемачи | Јануари 2016 - Септември 2017 |
| 8.2 Јакнење на капацитетите на претпријатијата основани од жени, млади, невработени и возрасни | Идентификување на потребите и јакнење на вистинските капацитети на специфичните групи ќе придонесе за зголемен раст и позитивна претприемачка култура помеѓу жените, младите, невработените и возрасните. | Жени, возрасни, невработени, млади, институции за поддршка на бизниси | Јуни 2017 - Декември 2017 |

## 4) Стимулирање и поддршка на претприемништвото кај младите од немнозински етнички заедници

Цел 9 – Подобрување на условите за развој на претприемништвото кај младите од немнозински етнички заедници

| Предложена мерка | Оправданост | Целна група | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| 9.1 Препознавање и промовирање на претприемништвото кај немнозинските етнички заедници како дел од пошироките политики за развој на претприемништвото | Препознавањето на претприемништвото од немнозински етнички заедници како посебен приоритет во рамки на националните политики и стратегии за претприемништво и развој на малите бизниси ќе допринесе кон поволна перцепција од страна на етничките групи кон претприемништвото како посакувана кариера. | Владини институции, релевантни министерства, образовни институции, креатори на политики | Јануари 2017 - Септември 2017 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9.2 Креирање свесност и градење капацитети на организации за поддршка на бизниси | Организациите за поддршка на почетни бизниси (инкубатори, акцелератори, фондови, комори, невладини организации и сл.) нудат широк спектар на услуги на претприемачите во генерална смисла. Зголемување на разновидноста на услугите и нивно адаптирање кон претприемачите од немнозински етнички малцинства како и воведување на посебни нормативи за работа со етнички малцинства ќе допринесе кон зголемен број претприемачи кои ги користат услугите за поддршка. | Организации за поддршка на бизниси | Март 2017<br>-<br>Јуни 2018 |
| 9.3 Истакнување и промовирање на претприемништвото од припадници на немнозински етнички заедници на локално ниво | Издвојувањето на претприемништвото кај немнозинските етнички заедници во рамки на стратегиите за локален економски развој и од страна на комисиите за меѓуетнички односи ќе допринесе за подобрување на сликата со претприемништвото на локално ниво преку дефинирање посебни мерки и конкретни активности насочени кон локалната заедница. | Општини, креатори на политики за локален економски развој, комисии за меѓуетнички односи | Април 2017<br>-<br>Септември 2018 |

Цел 10 – Интегрирање на претприемачи од немнозински етнички заедници во програми за поддршка и вмрежување

| Предложена мерка | Оправданост | Целна група | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| 10.1 Прилагодување на услугите и мерките за поддршка согласно индивидуалните потреби на младите претприемачи од етничките малцинства | Спроведување на длабинска анализа на потребите и проблемите на младите претприемачи од етничките малцинства е од суштинско значење за ефикасноста на мерките за поддршка. Идентификувањето на специфични проблеми и ограничувања и раното вклучување на претприемачите од етнички малцинства во процесот на дефинирање мерки ќе допринесе за нивна зголемена доверба во институциите за | Претприемачи од етнички малцинства, потенцијални идни претприемачи, жени, возрасни, организации за поддршка на мали бизниси, креатори на политики | Јануари 2017<br>-<br>Октомври 2017 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | поддршка. | | |
| 10.2 Јакнење на капацитетите на млади претприемачи од немнозински етнички заедници преку таргетирани обуки, советување и менторство | Мерки и програми за јакнење на специфичните капацитети ќе допринесат за зголемен процент на новоосновани фирми кои ги преживуваат критичните години од формирањето на бизнисот. | Жени, возрасни, невработени, млади, сопственици на почетни бизнис, институции за поддршка на бизниси | Март 2017<br>-<br>Септември 2017 |
| 10.3 Вмрежување на младите претприемачи со претприемачи од исто етничко потекло како и нивна интеграција со успешни претприемачи од различни етнички групи, институции за поддршка на бизниси и креатори на политики | Зајакнување на вклученоста во главните трендови на економијата, вмрежувањето со етаблираните претприемачи како и институциите за поддршка на бизнисите ќе допринесат за зголемување на диверзифицираноста на понудата на пазарот како и за осигурување дека програмите за поддршка на бизнисот се дефинирани да обезбедат еднакви можности, т.е. им даваат посебен фокус на претприемачите од немнозински етнички заедници. | Претприемачи, млади луѓе, жени и возрасни кои имаат намера да отворат сопствен бизнис, успешни бизнисмени, институции за поддршка на бизниси | Јуни 2017<br>-<br>Март 2018 |
| 10.4 Таргетирање маргинализирани подрачја со голем процент на етнички малцинства | Поединци од маргинализирани подрачја најчесто се соочуваат со дополнителни бариери во процесот на придонесување во локалната економија. Политиките и мерките со фокус на развој на претприемништвото во овие подрачја може да ги надмине ограничувањата и да го поттикне создавањето на бизниси, бројот на вработувања како и намалување на разликите со останатите поразвиени делови од земјата. | Потенцијални претприемачи (млади, жени, возрасни), општини, мрежи на организации, институции за поддршка на бизнис | Јануари 2017<br>-<br>Август 2018 |

## В. Видови на активности

### Приоритет 1: Претприемничко учење и тренинг

| Активности | Показатели на успешност | Партнери |
| --- | --- | --- |
| Спроведување на анализи за утврдување на користените алатки за мерење на ефикасноста од претприемничкото учење и давање препораки за подобрување | Извештај со предлози за мерки за одредување на ефикасноста од претприемачкото учење од анализи спроведени во 10 образовни институции и 10 академски институции | Биро за развој на образование, НВО, образовни и академски организации |
| Спроведување на истражувања и анализи за утврдување на перцепциите за претприемничкото учење кај наставниот кадар | Извештај со анализа на степенот на познавање и перцепциите на 50 претставници на наставниот кадар | Биро за развој на образование, НВО, образовни и академски организации |
| Истражувања на потребите на локалните бизниси | Извештаи од спроведени истражувања во 20 општини | Бизниси, НВО, регионални агенции за развој |
| Дебати за постоечките методи на претприемничко учење | Реализирани 10 дебати со наставниот кадар за подобрување на методите на претприемачко учење | НВО, регионални агенции за развој |
| Промовирање добри практики за претприемничко учење преку развој на креативни решенија базирани на веб | Лансиран 1 национален портал | НВО, образовни и академски организации |
| Активности за градење на капацитетите на наставниот кадар во областа на претприемништвото | 10 обуки за 50 претставници на наставниот кадар | НВО, образовни и академски организации |
| Локални стратегии за претприемничко учење | Развивање стратегии за 5 општини | Биро за развој на образование, НВО, образовни и академски организации |
| Јакнење на претприемачките вештини на локалното младо население преку обуки, работилници, натпревари и сл. | 20 обуки за 100 млади (потенцијални) претприемачи | НВО |

Приоритет 2: Промовирање на стимулирачка средина за раст и развој на претприемништвото

| Активности | Показатели на успешност | Партнери |
|---|---|---|
| Истражувања и анализи на правните ограничувања во областа на алтернативните форми за финансирање и предлагање мерки за креирање на политики | Извештај со препораки за мерки за алтернативно финансирање на млади претприемачи | Креатори на политики, Министерство за финансии, Министерство за економија, Агенција за поддршка на претприемништво, НВО |
| Јакнење на капацитетите на претприемачите за алтернативните можности за финансирање преку организирање на обуки, работилници, изработување на прирачници и др. | 10 обуки за 100 претприемачи | НВО |
| Организирање на фокус групи и/или панел дискусии со креатори на политики за подигнување на свеста за олеснување на правната рамка за алтернативните форми на финансирање | 5 фокус групи со 50 стеикхолдери | НВО, креатори на политики, Министерство за финансии, Министерство за економија, Агенција за поддршка на претприемништвото |
| Организирање на настани за претставување на претприемачите пред бизнис ангели и инвеститори | 5 настани за 100 претприемачи | НВО, бизнис сектор |
| Спроведување на истражувања и дебати за ограничувањата на правната рамка кон МСП и предлагање соодветни мерки за дефинирање на политики | Извештај со предложени мерки за унапредување на правната рамка. | НВО, креатори на политики |
| Информирање и јакнење на капацитетите на претприемачите за полесно справување со административните процедури преку организирање обуки, прирачници и др. | 10 обуки за 100 претприемачи | НВО, институции за поддршка на МСП |
| Истражувања и анализи на потребите на иновативно-технолошките претприемачи и предлагање мерки за креирање на политики за поттикнување на нивниот раст и развој | Извештај со препораки за стимулативни мерки за иновативно-технолошки претприемачи | НВО, креатори на политики, Министерство за финансии, Министерство за економија, Агенција за поддршка на претприемништвото |
| Промовирање на концептот „отворени владини податоци“ (open data) кај локалните општини и поттикнување на претприемачите да изработуваат идејни решенија врз база на тие податоци | 5 фокус групи со 20 претставници од локалната самоуправа; 2 настани за генерирање на идеи од претприемачи базирани на „отворени владини податоци“ | НВО, креатори на политики, Министерство за информатичко општество |
| Јакнење на капацитетите на технолошките претприемачи | 10 обуки за 100 претприемачи; 3 | НВО, академски институции |

| | | |
|---|---|---|
| за ЕУ програмите намените за веб и дигитални претприемачи преку организирање обуки, изработка на прирачници, организирање информативни денови и сл. | прирачници за различни ЕУ програми во 1000 примероци | |

Приоритет 3 - Успешни претприемачи и таргетирање маргинализирани групи

| Активности | Показатели на успешност | Партнери |
|---|---|---|
| Спроведување на истражувања и анализи на потребите на специфичните групи во општеството (жени, млади, невработени, возрасни) | 4 извештаи од спроведени истражувања за 4 целни општествени групи | НВО, креатори на политики, локална самоуправа |
| Изработка на локални стратегии за поддршка на новоформирани бизниси од страна на жени, млади, невработени или возрасни | Изработка на стратегии за поддршка на почетни бизниси од целните групи за 10 општини | НВО, креатори на политики, локална самоуправа |
| Јакнење на капацитетите на специфичните групи за отворање и водење на сопствен бизнис преку организирање на обуки, работилници, подготовка на прирачници и сл. | 10 обуки за 100 претприемачи од целните групи | НВО, бизнис сектор |
| Стимулирање на претприемничката култура преку промовирање на локални успешни претприемачки приказни – организирање на менторски часови, Б2Б средби и др. | 10 настани за 100 учесници | НВО, бизнис сектор |

Приоритет 4 – Стимулирање и поддршка на претприемништво кај младите од немнозински етнички групи

| Активности | Показатели на успешност | Партнери |
|---|---|---|
| Спроведување на истражувања и анализи на потребите на младите претприемачи од етнички малцински групи во општеството (Албанци, Турци, Роми, Срби, Бошњаци, Власи, други) | 6 извештаи од спроведени истражувања за 6 целни општествени групи | НВО, креатори на политики, локална самоуправа |
| Воведување механизми за поддршка на претприемачи од немнозинските етнички групи во рамки на постоечки ЛЕР стратегии | Воведување посебни програми и планови за поддршка на претприемачи од немнозински етнички групи за 10 општини | НВО, креатори на политики, локална самоуправа |
| Јакнење на капацитетите на претприемачите за отворање и водење на сопствен бизнис преку организирање на таргетирани обуки, консултативни средби, работилници, подготовка на прирачници и сл. | 8 обуки за 120 претприемачи од целните групи | НВО, бизнис сектор |

| | | |
|---|---|---|
| Стимулирање на претприемничката култура преку промовирање на локални успешни претприемачки приказни – организирање на менторски часови, Б2Б средби и др. | 10 настани за 100 учесници | НВО, бизнис сектор |
| Креирање национална мрежа на претприемачи | Воспоставување на национална мрежа која ќе ги промовира и застапува правата и барањата на претприемачите од немнозински етнички групи | НВО, бизнис сектор |
| Анализи за ограничувањата при обезбедување почетен капитал и средства за раст од страна на финансиските институции | Извештај со препораки за воведување посебни финансиски мерки (кредити, гарантни шеми, инвестициски фондови и сл.) кои таргетираат претприемачи од немнозински етнички групи | Финансиски инситуции, НВО, бизнис сектор |
| Отворање локални канцеларии за поддршка на мали бизниси во маргинализирани подрачја | Отворање локални канцеларии за поддршка на мали бизниси во маргинализирани подрачја каде постои голем процент население од немнозински етнички заедници | НВО, општини, бизнис сектор |
| Формирање менторска мрежа од успешни претприемачи и промовирање добри пракси | Воспоставување на една менторска мрежа од успешни претприемачи и споделување добри пракси со посебен акцент на успешни приказни од немнозински етнички групи | Бизнис сектор, НВО |

## C. Имплементација на акцискиот план

Основачите на Мрежата се главните институции кои ќе бидат задолжени за реализацијата на Акцискиот план. Сепак, одредени активности (активности од локален и регионален карактер) ќе бидат реализирани преку партнерства со локалните граѓански организации кои преку соработка со локалните власти ќе придонесат кон подобрување на состојбата со претприемништвото.